Согласно Законот за шумите член 69-а Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за надзор и контрола на движење на дрвната маса од: ознака за сеча; фаза сеча; фаза дотур; фаза превоз од шума до склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја; од склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја до склад на правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти; и од склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја и правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти до крајниот купувач; како и од шума или склад од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја и правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти до пилана воведе **Електронски систем за следење на дрвната маса. Електронскиот систем за следење на дрвната маса се воспоставува и води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а останатите субјекти ќе бидат корисници на овој систем**.

Согласно член 69 од истиот закон исеченото дрво во шума како и надвор од шума (освен дрво од овошни стебла на земјоделско земјиште), без оглед во чија сопственост е, мора да е жигосано со втиснување на јасно видлив шумски жиг и снадбено со испратница за исечено дрво и дрвни сортименти кога се превезува од местото на утовар или пренесува од место до место, која се издава во елетронска и хартиена форма.

Испратниците за исечено дрво и дрвни сортименти се издаваат на следниот начин:

- испратниците за исечено дрво во шума во државна сопственост за превоз од место на утовар до склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја, испратниците за продажба на исеченото дрво од склад во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја до крајните потрошувачи, испратниците за продажба на исеченото дрво од склад во сопственост на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти, регистрирани во Регистарот на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти во органот органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, до крајните потрошувачи, испратниците за превоз на дрво и дрвни сортименти исечено во државна нискостеблена шума од страна на физички лица кои се со постојано место на живеење во руралните подрачја заради обезбедување на сопствени потреби до местото на живеење и испратниците шумски отпад/отпад после сеча ги издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството и испратниците за исечено дрво во шума во приватна сопственост, на лицата од член 97 став (1) ги издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Сите корисници на **Електронски систем за следење на дрвната маса** се должни да издаваат хартиена и електронска испратница со денот на добивање на корисничко име и лозинка за најава и користење на системот, за одреден тест период.

По завршувањето на тест периодот ќе се укине издавањето на хартиената форма на испратници за промет на дрво и дрвни сортименти, а ќе остане само издавањето на електронска испратница.